Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Фонд за иновации и технолошки развој
Fondi për Inovacione dhe Zhvillim Teknologjik
Бр./Nr. 05-1676/11
21.09. 2020 год/viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство и услуги
БРИГАДА ДИЗАЈН ДООЕЛ
Бр. 0409/20
21.09 20 20 год.
СКОПЈЕ

Друштво за маркетинг
ЊУ МОМЕНТ ЊУ ИДЕАС КОМПАНИ ДОО
Бр. 307-167/20
21.09 2020 год.
СКОПЈЕ

# Рамковна спогодба
# за набавка на услуги

Склучена помеѓу:

1. **Фонд за иновации и технолошки развој**, со адреса на бул. Гоце Делчев б.б. – Скопје, застапуван од директорот на Фондот, Јован Деспотовски (во понатамошниот текст: **Договорен орган**) од една страна, и
2. **Друштво за производство и услуги БРИГАДА ДИЗАЈН ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул. Варшавска 62б – Скопје, ЕМБС 6091440, ЕДБ 4030006586571, е-маил: contact@brigada.com.mk, претставувано од управителот Бојан Ивановиќ (во понатамошниот текст: прворангиран Носител на набавка), и
3. **Друштво за маркетинг ЊУ МОМЕНТ ЊУ ИДЕАС КОМПАНИ ДОО Скопје** со седиште на ул. Костурски херои бр. 2г – Скопје, ЕМБС 4703391, ЕДБ 4030993253600, е-маил: info@newmoment.mk, претставувано од управителот Сашо Пешев (во понатамошниот текст: второрангиран Носител на набавка) од друга страна.

Прворангираниот Носител на набавката и Второрангираниот Носител на набавката заедно ќе се нарекуваат овде „Носители на набавка“.

## ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНА СПОГОДБА

**Член 1**

1.1 Предмет на оваа рамковна спогодба (во понатамошниот текст: спогодба) е регулирање на правата и обврските помеѓу страните на спогодбата при извршување на услугите што произлегуваат од јавната набавка – Агенција за комуникациски услуги, за период од 1 (една) година, како сукцесивно извршување на услугите предвидени во техничката спецификација и тендерската документација.
1.2 Оваа спогодба се склучува по спроведена отворена постапка по оглас бр. 08930/2020, врз основа на член 57 став 7 точка в) од Законот за јавни набавки („Службен Весник на РМ“ бр. 24/19) и во согласност со прифатени понуди на Носителите на набавката.
1.3 Носителите на набавката предметот на поединечниот договор го обезбедуваат согласно настанатите потреби на Договорниот орган, врз основа на доставено поединечно барање за потреба од конкретна услуга, техничката спецификација, тендерска документација, склучена спогодба и/или поединечен договор.
1.4 При извршувањето на предметот на спогодбата, Носителите на набавката треба да обезбедат гарантирана заштеда на пари, креативност, достапност на консултанти, да даваат совети во донесувањето на одлуки и добра организација на целокупната работа потребна за организирање на настан.
1.5 Носителите на набавката ќе ги обезбедуваат услугите во техничката специфкација, прилог 1 кон оваа спогодба, поделени во две категории - I) предмет на договор без повторно прибирање на понуди и II) предмет на договор со повторно прибирање на понуди.

## I) ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР БЕЗ ПОВТОРНО ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

Член 2

2.1 Оваа спогодба се склучува во согласност со единечните цени на услугите кои се предмет на договор без повторно прибирање на понуди од прифатените понуди на Носителите на набавката по е-аукција и истите се наведени во листата на цени, прилог 2 кон оваа спогодба.

Член 3

3.1 Страните на спогодбата во однос на набавка на услуги без повторно прибирање на понуди се согласија дека Договорниот орган во периодот од една година од денот на потпишувањето на спогодбата, ќе обезбедува услуги предвидени во техничката спецификација, односно ќе доставува барање до прворангираниот носител на набавката за услугите од техничката спецификација кои не се предмет на повторно прибирање на понуди. По доставено барање, Прворангираниот носител на набавка е должен да потврди во рок 2 часа од моментот на испраќањето на истото дали ќе ја изврши бараната услуга. Доколку не се произнесе или не е во можност да ја изврши услугата, Договорниот орган ќе се обрати кон Второрангираниот носител на набавка.

3.2 Врз основа на доставено барање од страна на Договорниот орган на електронската пошта на Првоpангираниот/Второрангираниот носител на набавката и прифатена услуга ќе се склучи поединечен договор за набавка. Ефект на склучен поединечен договор ќе има прием на фактурата, кон која има испратница, доставена од страна на Првоpангираниот/Второрангираниот носител на набавка во архивата на Фондот, а по доставена нарачка и извршена испорака.

## II) ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР СО ПОВТОРНО ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

Член 4

4.1 Начинот на реализација на поединечни договори со повторно прибирање на понуди врз основа на спогодбата е следен:

- за секој договор за јавна набавка, договорниот орган доставува барање преку ЕСЈН за прибирање понуди до сите носители на набавката кои се страна во спогодбата;
- договорниот орган определува примерен рок за поднесување на понудите, водејќи сметка за сложеноста на предметот на набавка и времето потребно да се подготват и да се поднесат понудите;
- понудите се доставуваат преку ЕСЈН и договорниот орган ги отвора во утврдениот рок. Содржината на понудите останува доверлива сè додека договорниот орган не ги извести понудувачите за извршениот избор;
- договорниот орган го доделува секој договор за јавна набавка на носителот на набавката кој ја поднел најдобрата понуда врз основа на критериумите за избор на најповолна понуда утврдени во спогодба;
- поединечниот договор, ќе ги содржи условите утврдени во оваа спогодба и детално наведените во поединечното барање;
- Носителите на набавката се должни да го извршат барањето од поединечниот договор, согласно начинот и рокот за извршување од прифатената понуда.

4.2 До отворање на можност за доставување на барањата и понудите за повторно прибирање на понуди преку ЕСЈН, согласно член 57 став 9 од Законот за јавните набавки („Сл. Весник на РМ" бр. 24/2019), реализацијата на поединечните договори со повторно прибирање на понуди ќе се спроведува на следниот начин:

- за секој поединечен договор за јавна набавка, Договорниот орган доставува барање за прибирање понуди преку електронската пошта на Носителите на набавката кои се страни во спогодбата;
- Договорниот орган определува примерен рок кој не смее да е пократок од 2 работни дена;

- Понудите се доставуваат до архивата на Договорниот орган и се отвораат во утврдениот рок. Содржината на понудите останува доверлива сè додека Договорниот орган не ги извести понудувачите за извршениот избор;
- Договорниот орган го доделува секој поединечен договор за јавна набавка на оној понудувач кој поднел најповолна понуда врз основа на критериумите за избор на најповолна понуда утврдени во тендерската документација, врз основа на која е склучена оваа спогодба;
- поединечниот договор, ќе ги содржи условите утврдени во оваа спогодба и детално наведените во поединечното барање;
- Носителите на набавката се должни да го извршат барањето од поединечниот договор, согласно начинот и рокот за извршување од прифатената понуда.

4.3 По отворање на можност за доставување на барањата и понудите за повторно прибирање на понуди преку ЕСЈН, согласно член 57 став 9 од Законот за јавните набавки („Сл. Весник на РМ“ бр. 24/2019), реализацијата на поединечните договори со повторно прибирање на понуди ќе се спроведува согласно точка 4.1.

4.4 За примена на можноста согласно точка 4.3 од овој член Договорниот орган ќе ги извести Носителите на набавката на нивните електронски пошти.

Член 5

5.1 Поканата за повторно прибирање на понуди особено содржи:
- Информации за количините и посебните услови што го сочинуваат предметот на договорот што треба да се додели,
- Информации за елементите што ќе бидат предмет на повторно прибирање на понуди, согласно со критериумот за доделување на договорот утврден во тендерската документација за спогодбата и
- Информации за крајниот рок за поднесување на понудите.

5.2 Количина ја дефинира Договорниот орган во поединечното доставено барање при повторно прибирање на понуди.

Член 6

6.1 При повторно прибирање на понуди ќе се спроведе електронска аукција преку електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk).

6.2 Предмет на секоја аукција ќе биде вкупната цена без ДДВ вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, а врз основа на единечни цени без ДДВ за соодветниот примерок помножен со бараната количината.

6.3 Доколку во постапката за јавна набавка со повторно прибирање на понуди има/остане само една прифатлива понуда, електронска аукција нема да се спроведе.

Член 7

7.1 Договорниот орган ќе го достави договорот за поединечната јавна набавка по повторното прибирање на понуди до избраниот најповолен понудувач во 4 примероци на потпишување, од кои по два и за Договорниот орган и за конкретниот Носител на набавката.

Член 8

8.1 Носителот на набавката услугата е должен да ја обезбедува согласно настанатите потреби на договорниот орган, а врз основа на доставено поединечно барање.

8.2 Доколку предмет на повторно прибирање понуди е рекламен материјал, Носителот на набавката е должен да го почитува рокот за испорака и испораката на готовиот производ да биде на адресата која ќе ја наведе Договорниот орган во барањето, запакувани, со видно наведени податоци за материјалите и количина.

## ВРЕДНОСТ НА СПОГОДБАТА

Член 9

9.1 Вкупната вредност на спогодбата согласно предвидените средства во Одлуката за јавна набавка со дел. бр. 05-1676/1 од 18.06.2020 година изнесува 10.000.000 (десет милиони) денари без ДДВ, односно 11.800.000 (единаесет милиони и осумстотини илјади) денари со вклучен ДДВ.
9.2 Оваа спогодба ќе се реализира до износот од точка 9.1, а во зависност од потребите и доставеното поединечно барање од страна на Договорниот орган.
9.3 Вредноста на предметот без повторно прибирање на понуди ќе биде утврдена во секоја конкретна фактура одделно за секој посебен предмет, а во согласност со доставено поединечно барање.
9.4 Вредноста на предметот со повторно прибирање на понуди ќе биде утврдена во секој поединечен договор, а во согласност со доставено поединечно барање.
9.5 Носителот на набавката за секоја извршена услуга ќе достави фактура кон која треба да биде приложена уредно потпишан документ за потврдување на извршената услуга. Фактурата која е издадена треба да е во согласност со член 53 од Законот за данокот на додадена вредност. Договорниот орган плаќањето на фактурите ќе го изврши во согласност со член 6 од Законот за финансиска дисциплина, односно во рок не подолг од 60 (шеесет) дена.

## РАСКИНУВАЊЕ И САНКЦИИ ЗА ПРЕКРШУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА

Член 10

10.1 Кога една од страните на спогодбата нема да ја исполни својата обврска другата страна може да бара исполнување на обврската и/или да ја раскине спогодбата.
10.2 Договорната страна која поради неисполнување на договорените обврски бара продолжување на исполнување на обврската и/или раскинување на спогодбата, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.
10.3 Пред да ја раскине спогодбата, Договорниот орган електронски во пишана форма, во рок од 2 (два) дена по истекот на рокот за извршувањето на услугата наведен во поединечното барање ќе го извести Носителот на набавката дека му остава дополнителен рок, наведен во известувањето, за исполнување на обврската.
10.4 Доколку Носителите на набавката не ја исполнат обврската и во дополнително оставениот рок од претходниот став, Договорниот орган ќе ја раскине спогодбата со тоа што писмено ќе ја извести другата страна и ќе пристапи кон постапка за наплата на договорната казна.
10.5 Договорниот орган наплаќа договорна казна во висина од 5% од вкупната вредност на поединечните договори доделени и без повторно прибирање на понуди и со повторно прибирање на понуди врз основа на спогодба без ДДВ, доколку поради неисполнување на обврските од страна на носителот на набавката дојде до нивно еднострано раскинување.
10.6 Договорниот орган го задржува правото да бара и надомест на штета што би ја претрпел поради тоа, согласно Законот за облигациони односи.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 11

11.1 Оваа спогодба се склучува за времетраење од 1 (една) година од денот на потпишување. Ако дојде до предвремено реализирање на предметот на спогодбата, како и во случај на неисполнување на договорените обврски, спогодбата/поединечните договори престанува/ат да важи/ат.
11.2 Можните измени настанати по склучување на оваа спогодба, договорните страни ќе ги договорат спогодбено и писмено и ќе ги приклучат кон оваа спогодба со анекси.

Член 12

12.1 Оваа спогодба влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.

Член 13

13.1 Сите евентуални спорови кои би произлегле од договорите склучени врз основа на оваа спогодба, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 14

14.1 Оваа спогодба е составена во 6 (шест) еднообразни примероци по 2 (два) за секоја од договорните страни.

| Договорен орган | Носители на набавка | |
|---|---|---|
| Фонд за иновации и технолошки развој | Друштво за производство и услуги БРИГАДА ДИЗАЈН ДООЕЛ Скопје | Друштво за маркетинг ЊУ МОМЕНТ ЊУ ИДЕАС КОМПАНИ ДОО Скопје |
| Директор | Управител | Управител |
| Јован Деспотовски | Бојан Ивановиќ | Сашо Пешев |

Прилог 1 – техничка спецификација

Договорниот орган има потреба од склучување на рамковна спогодба со повеќе економски оператори кои ќе ги обезбедуваат следниве услугите поделени во две категории, I) предмет на договор без повторно прибирање на понуди и II) предмет на договор со повторно прибирање на понуди.

## I. Предмет на договор без повторно прибирање на понуди:

| Реден број | Опис на услуга | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1. | Помош при наоѓање на соодветна локација за настани | паушал | 1 |
| 2. | Опрема за озвучување на настан со комплет опрема, која се состои од:<br>Миксета, 16 канали<br>Звучници активни, пар, јачина минимум 700 W<br>Микрофон со кабел и држач<br>Микрофон бежичен со држач<br>Аудио приклучок за камери<br>Техничко лице за управување со опремата | час | 1 |
| 3. | Приемник за симултан превод | парче | 1 |
| 4. | Опрема за симултан превод, која се состои од:<br>- монтажен пулт за кабина (миксета и микрофон)<br>- безжичен микрофон<br>- статичен микрофон<br>- разглас - систем за озвучување<br>- техничко лице за управување со опремата<br>* Време на монтажа на опремата: на денот на започнување на настанот | настан/ден | |
| 5. | Изнајмување на ЛЕД екран со димензии минимум 4m x 3m | ден | 1 |
| 6. | Изнајмување на ЛЕД екран со димензии минимум 5,5m x 3m | ден | 1 |
| 7. | Ангажирање на експерти (модератори, експерти поврзани со темата на настанот, гости-предавачи) | лице/ден | 1 |
| 8. | Ангажирање на сценарист за осмислување на концепт | лице/настан | 1 |
| 9. | Ангажирање на организатори | лице/ден | 1 |
| 10. | Ангажирање лица за протокол | лице/ден | 1 |
| 11. | Креатива - дизајн на лого | комплет | 1 |
| 12. | Креатива - адаптација на лого | комплет | 1 |
| 13. | Креатива - изработка на презентации/темплејт за ППТ (Power Point) | комплет | 1 |
| 14. | Креатива - адаптации на презентации/темплејт за ППТ (Power Point) | комплет | 1 |
| 15. | Креатива за изработка на презентациски материјал на англиски јазик за веб-сајт/социјални медиуми | комплет | 1 |
| 16. | Креатива за изработка на презентациски материјал на албански јазик за веб-сајт/социјални медиуми | комплет | 1 |
| 17. | Продукција на основен веб банер | комплет | 1 |
| 18. | Адаптација на постечки дизајн на веб банер на нов јазик/димензија | комплет | 1 |
| 19. | Продукција на основен веб банер за социјални медиуми | комплет | 1 |
| 20. | Адаптација на постечки дизајн на веб банер на нов јазик/димензија за социјални медиуми | комплет | 1 |
| 21. | 2Д анимации/презентации | минута | 1 |

Прилог 1 – техничка спецификација

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. | Превод и титлување на видеа и други промо материјали од македонски на англиски јазик и обратно | до 100 зборови | 1 |
| 23. | Превод и титлување на видеа и други промо материјали од македонски на албански јазик и обратно | до 100 зборови | 1 |
| 24. | Превод и титлување на видеа и други промо материјали од англиски на албански јазик и обратно | до 100 зборови | 1 |
| 25. | Снимање и фотографирање на настанот (целата церемонија) | лице/ден | 1 |
| 26. | Ангажман на фотограф за изработка на професионална фото-сесија | лице/ден | 1 |
| 27. | Видео продукција (монтажа и снимање) на настан | настан/ден | 1 |
| 28. | Видео продукција (инфо стории од 1 до 5 мин) | видео продукција | 1 |
| 29. | Изработка на информативни видеа наменети за презентација на поддржани проекти/промотивни настани (од 2 до 5 минути) | видео | 1 |
| 30. | Изработка на специјално медиумско издание за работата и резултатите на ФИТР | страна | 1 |
| 31. | Емитување во живо на интернет на дел од настанот | час | 1 |
| 32. | Продукција на видео за социјални медиуми/анимација/копи-рајт (од 2 до 5 минути) | продукција | 1 |
| 33. | Обезбедување на музичка подлога | ден | 1 |
| 34. | Обезбедување на музичка подлога | час | 1 |
| 35. | Откуп на музички права за музичка подлога | паушал | 1 |
| 36. | Симултан/консекутивен преведувач од македонски на англиски јазик и обратно | час | 1 |
| 37. | Симултан/консекутивен преведувач од македонски на албански јазик и обратно | час | 1 |
| 38. | Визит карти, пластифицирани, печат: 4/4, хартија мин. 350 гр. Кунздрук, во количина до 50 | парче | 1 |
| 39. | Банер со механизам: димензии 200x90 cm; едностран печат; материјал церада/мушема | парче | 1 |
| 40. | Изработка на тотем: димензии 200 x 80 cm; материјал картолина самостоечка, петослоен картон (држач позади); печат едностран | парче | 1 |
| 41. | Стикер со димензии од 4 cm x 2 cm, печат: колор, 4/0 бои, ПВЦ ламиниран, сечење по форма * | парче | 1 |
| 42. | Стикер со димензии од 10 cm x 3 cm, печат: колор, 4/0 бои, ПВЦ ламиниран, сечење по форма * | парче | 1 |
| 43. | Стикер: димензија круг минимум 8 cm; материјал инкџет хартија | парче | 1 |
| 44. | Стикер: димензија минимум 10 x 6 cm; материјал инкџет хартија | парче | 1 |
| 45. | Слушалки ABS, кабел од минимум 1,2 m со минимум 3,5 mm стерео кабел. Слушалките да бидат во пластично, брендирано пакување со димензии минимум 50 x 20 mm | парче | 1 |
| 46. | Слушалки ABS, кабел од минимум 1,2 m со минимум 3,5 mm стерео кабел. Слушалките да бидат во хартиено, брендирано пакување | парче | 1 |
| 47. | Маица со кратки ракави, во боја по избор, 100% памук, двостран принт, колор, величина S | парче | 1 |

Прилог 1 – техничка спецификација

| | | | |
|---|---|---|---|
| 48. | Маица со кратки ракави, во боја по избор,100% памук, двостран принт, колор, величина М | парче | 1 |
| 49. | Маица со кратки ракави, во боја по избор, 100% памук, двостран принт, колор, величина L | парче | 1 |
| 50. | Маица со кратки ракави, во боја по избор, 100% памук, двостран принт, колор, величина XL | парче | 1 |
| 51. | Маица со кратки ракави, во боја по избор, 100% памук, двостран принт, колор, величина XXL | парче | 1 |
| 52. | Торба со врвка, еднострав принт, колор материјал 100% памук, димензии минимум 340 x 410 mm | парче | 1 |
| 53. | Торба со врвка, двостран принт, колор материјал 100% памук, димензии минимум 340 x 410 mm | парче | 1 |
| 54. | Картонска слика, еднострав принт материјал: картон со дебелина од минимум 2 cm димензии минимум 200 x 120 cm | парче | 1 |
| 55. | Постер: димензија минимум 50 x 70 cm; хартија: фото хартија со квалитет од минимум 1440 dpi | парче | 1 |
| 56. | Сертификати за учесници: формат А4; хартија: минимум 300 g/m2 бристол | парче | 1 |
| 57. | Благодарници за спонзори: формат А4, хартија: минимум 300 g/m2 бристол | парче | 1 |
| 58. | Тагови за имиња, пластифицирани со врвка: димензии минимум 10,5 x 15 cm *Дизајн за таговите да бидат на хамер хартија, со димензии минимум 9,5 x 13,5 cm | парче | 1 |
| 59. | Рамка за слика: димензии минимум 75 x 100 cm; материјал: картон со дебелина од минимум 2 cm | парче | 1 |
| 60. | Чек: димензија минимум 100 x 50 cm, материјал: картон од минумум дебелина 2 cm | парче | 1 |
| 61. | Папка за формат А4, 300g/m2 кунстдрук, печатење 4/0, пластификат 1/0, сечење по форма. | парче | 1 |
| 62. | Листови за говор: формат А5, печат 4/0, хартија минимум бристол 300g/m2 | парче | 1 |
| 63. | Покани согласно доставен дизајн: димензии 14x14 cm; боја: 4/0; хартија: бристол минимум 250 g/m2 | парче | 1 |
| 64. | Нотеси согласно доставено креативно решение<br>- со спирала со минимум 50 листа<br>- Формат А5 (148 x 210 mm), портрет<br>- Корица: куздрук минимум 250 g/m2<br>- Хартија: офсет 90 минимум g/m2<br>- Боја: 4/4 | парче | 1 |
| 65. | Флаер: формат А5; хартија кунздрук минимум 250 g/m2; боја 4/4 | парче | 1 |
| 66. | Тефтери со странична спирала со минимум 50 листа<br>- Формат А5 (148 x 210 mm)<br>- Корица: куздрук минимум 250 g/m2, боја 4/0<br>- Хартија: офсет 90 минимум g/m2 со линии со една боја 1/1 | парче | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 67. | Пенкало со метална клипса со заменлив рефил (траг од 0,5 mm до 0,7 mm) во сина боја, со лого/а во боја | парче | 1 |
| 68. | Молив со гума со тврдина на графит НВ, со лого/а во боја | парче | 1 |
| 69. | Беџови дијаметар 80 мм, пластифициран, печатење дигитално | парче | 1 |
| 70. | Беџови дијаметар 60 мм, пластифициран, печатење дигитално | парче | 1 |
| 71. | Ранец во боја по избор со минимум една преграда, со димензии минимум 38*29*6 cm, материјал полиестер, брендиран со лого/а (во боја) на Фондот | парче | 1 |
| 72. | Торба за лаптоп: во боја по избор, со минимум димензии 185 x 130 x 30 mm, еко кожа и минимум 1 преграда, брендиран со лого/а (во боја) на Фондот | парче | 1 |
| 73. | Информативни табли, формат А4, од форекс со дебелина од минимум 5 mm | парче | 1 |
| 74. | Воис рекординг во студио до 30 минути | по минута до 30 минути | 1 |
| 75. | Воис рекординг во студио над 30 минути | по минута над 30 минути | 1 |
| 76. | Адвертајзинг на гугл пратформите | 1000 прикажувања/ импресии | 1 |
| 77. | 3Д анимации/презентации | минута | 1 |

## II. Предмет на договор со повторно прибирање на понуди:

| **Реден број** | **Опис на услуга** |
|---|---|
| 1. | Опремување на просторот со соодветна техничка опрема:<br>- осветлување,<br>- озвучување *(поинаква од ставка 2 од I. Предмет на договор со повторно прибирање на понуди)*,<br>- поставување сцени,<br>- аудио-визуелна опрема,<br>- опрема за толкување (*поинаква од ставка 4 од I. Предмет на договор со повторно прибирање на понуди),*<br>- друга опрема *(детално дефинирана во барањето за повторно прибирање на понуди)* |
| 2. | Украсување на просторот со цветен аранжман, балони и сл |
| 3. | Ангажирање на лица за превод и толкување: консекутивно и симултано толкување со повеќејазични комбинации (поинакви од ставките 36 и 37 *од I. Предмет на договор со повторно прибирање на понуди*) |
| 4. | Набавка на промотивни материјали и печатење со лого/а (со една или повеќе бои) на пенкала, моливи, тефтери, папки, постери, флаери, благодарници/потврди/сертификати, стикери, информативни табли, маици, ранци, чаши, чадори, усб, екстерен полнач (portable power bank) и друг неспомнат рекламен материјал, односно доколку е потребен рекламен материјал со техничка спецификација поинаква од рекламниот материјал опишан во ставките од 38 до 73, истиот ќе биде предмет на повторно прибирање на понуди |

| | |
|---|---|
| 5. | Закуп на рекламен простор на мегалајти и билборди во кои се вклучени продукција на имиџ по локација, монтажа, одржување |
| 6. | Услуга за отстапување на медиумски простор на информативни портали за промотивни активности |
| 7. | Прес клипинг |
| 8. | Рекламирање на автобус/ станици/ молови/оутдор рекламирање во кои се вклучени креативи и закуп на рекламниот простор |
| 9. | Рекламирање на јавни површини во кои се вклучени креативи и закуп на рекламниот простор |
| 10. | Активности поврзани со герила маркетинг во кои се вклучени креативи и закуп на рекламниот простор |
| 11. | Изработка на штандови за саеми или конференции |
| 12. | Изработка на програмски сегменти ТВ/радио/онлајн |
| 13. | Превод и титлување на видеа и други промо материјали од македонски јазик на други локални јазици; или официјалните јазици на Европска Унија и обратно |
| 14. | Организација на кетеринг |
| 15. | Тотем со логото на Фондот: Светлечка реклама од метална конструкција и плексиглас од двете страни, напојувана од електрична мрежа и фотоволтаици, осветлувана со LED светилки. Димензии на светлечка реклама: висина минимум 150 cm, ширина минимум 100 cm и дебелина минимум 20 cm. |

Листата на услуги од точка II. **Предмет на договор со повторно прибирање на понуди** не е ограничувачка, односно Договорниот орган го задржува правото да побара услуга која не е наведена во листата, која ќе биде дефинирана во согласност со членот од ЗЈН за дефинирање на техничка спецификација.

При извршувањето на предметот на договорот, Носителот треба да обезбеди гарантирана заштеда на пари, креативност, достапност на консултанти, да дава совети во донесувањето на одлуки и добра организација на целокупната работа.

Повторното прибирање на понуди за услугите наведени во точка II од техничката спецификација и услуги со слична природа неспомнати на друго место ќе се одвива со доставување на конкретно барање со детални технички спецификации преку ЕСЈН[1]. Така доставените понуди, ќе бидат предмет на електронска аукција, врз основа на која ќе се додели поединичниот договор.

Економскиот оператор при поднесување на својата понуда во Дел III – Финансиска понуда од Прилог 1 – Понуда треба да даде цена за оние ставки кои не се предмет на повторно прибирање на понуди, чиј збир ја сочинува вкупната цена на понудата за предметот на набавката. Вкупната цена за овие ставки ќе биде предмет на електронска аукција. Не се предвидува корекција на цените, односно цените за ставките од точка I по електронската аукција ќе бидат фиксни за целото времетраење на рамковната спогодба.
Доколку Носителот набавката не предвидел одредени трошоци или пак дополнително настанат трошоци, предизвикани од субјективни причини на страната на Носителот на набавката, истиот ќе ги сноси без никаков надомест.

Количината „1 (еден)" во техничката спецификација на услугите кои не се предмет на повторно прибирање на понуди е со цел добивање на вкупна цена, а реализицијата на договорот ќе се одвива по потреба на Договорниот орган согласно единечните цени и до износот на проценатата вредност на рамковната спогодба.

[1] Доколку е технички овозможено, а доколку не е истото ќе се одвива на друг начин.